Врз основа на член 3-б став (10) од Законот за лизинг („Службен весник на Република Македонија” бр. 4/02, 49/03, 13/06, 88/08, 35/11, 51/11, 148/13, 145/15, 23/16 и 37/16), министерот за финансии донесе

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ОСНОВАЊЕ И РАБОТА НА ДАВАТЕЛ НА ФИНАНСИСКИ ЛИЗИНГ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето за добивање на дозвола за основање и работа на давател на финансиски лизинг.

Член 2

Барањето за добивање на дозвола за основање и работа на давател на финансиски лизинг се поднесува на образец, во А-4 формат, на хартија во бела боја.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на Законот за изменување и дополнување на Законот за лизинг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/16).

Бр. 13-10366/1
20.07.2016 година
Скопје

м-р Кирил Миноски
Министер за финансии

ПРИЛОГ

ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**БАРАЊЕ**
**ЗА ДОБИВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ОСНОВАЊЕ И РАБОТА НА ДАВАТЕЛ НА ФИНАНСИСКИ ЛИЗИНГ**

Од__________________________________________________________

(име и презиме на физичко лице / назив на правното лице, подносител на барањето)

__________________________________________________________

(адреса на физичко лице / седиштe на правното лице, подносител на барањето)

Датум _______________

Место _______________

Подносител на барањето

______________________________

М.П (*)

(*) За трговски друштва не е задолжителна употреба на официјалниот печат согласно Законот за трговските друштва.